| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Прошетка до паркот |
| **Содржина на денот** | Мојот автомобил |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на здрави и безбедни навики кога сме надвор на прошетка. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со кратка прошетка во блиската околина. Во текот на прошетката водете разговор со детето за сообраќајните знаци и правила на однесување кога се движиме (секогаш треба да сме во придружба на возрасен кога се движиме надвор од домот, да внимаваме кога ја преминуваме улицата секогаш на зелено светло на семафор кој што е наменет за пешаци. Потоа објансете му што означуваат светлата на семафорот и кои се боите на семафорот.<br>Поттикнете го детето во текот на прошетката да набљудува и воочува со внимание и да се однесува одговорно.<br>Откако ќе завршите со прошетката, предложете му на детето во домот да ја играте играта „Мојот автомобил“. Играта може да ја играте на сообраќаен килим или пак на подот со самолеплива трака да изработите крстосница, тротоар, пешачки премин и сл.<br>Повторете ги заедно со детето во текот на играта сообраќајните знаци и правила кои ги набљудувавте во текот на прошетката. |